**С О В Е Т Н А О П Ш Т И Н А Г А З И Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

**Од ЧЕТИРИЕСЕТ И ВТОРАТА седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 30.04.2024 година**

**СКОПЈЕ, АПРИЛ 2024 ГОДИНА**

**З А П И С Н И К**

**Од Четириесет и втората седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 30.04.2024 година**

Седницата започна во 10:10 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше, Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, **Дијана Илиевска**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Претставници од општинската администрација и подносителите на материјали предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Четириесет и првата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Четириесет и првата** седница на Советот на Општина Гази Баба, без забелешки со **22 гласа "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **Дијана Илиевска**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата.

За работата на седницата со **22 гласа "ЗА"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на статутарно - правната комисија на Советот на Општина Гази Баба;
2. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на комисијата за програмирање на работата на Советот на Општина Гази Баба;
3. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на комисијата за локален економски развој на Советот на Општина Гази Баба;
4. Предлог - Заклучок за утврдување на Нацрт - Одлука за изменување на Деловникот на Советот на Општина Гази Баба;
5. Предлог - Одлука за донесување на Детален урбанистички план за градска четврт СИ 12 Блок 02, Општина Гази Баба, Општина Аеродром - Скопје, плански период (2021-2026); и
6. Предлог - Одлука за утврдување на Нацрт - Детален урбанистички план за градска четврт СИ 08 Блок 01, Општина Гази Баба - Скопје, плански период (2024-2029).

Пред преминување на расправа и одлучување по точките од утврдениот дневен ред, редоследно беа соопштени ставовите на комисиите на советот.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на статутарно - правната комисија на Советот на Општина Гази Баба.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на статутарно - правната комисија на Советот на Општина Гази Баба, со **24 гласа "ЗА"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на комисијата за програмирање на работата на Советот на Општина Гази Баба.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на комисијата за програмирање на работата на Советот на Општина Гази Баба, со **24 гласа "ЗА"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на комисијата за локален економски развој на Советот на Општина Гази Баба.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседател и членови на комисијата за локален економски развој на Советот на Општина Гази Баба, со **24 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за утврдување на Нацрт - Одлука за изменување на Деловникот на Советот на Општина Гази Баба.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за утврдување на Нацрт - Одлука за изменување на Деловникот на Советот на Општина Гази Баба, со **24 гласа "ЗА"**.

**ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за донесување на Детален урбанистички**

**план за градска четврт СИ 12 Блок 02, Општина Гази Баба, Општина Аеродром - Скопје, плански период (2021-2026).**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за градска четврт СИ 12 Блок 02, Општина Гази Баба, Општина Аеродром - Скопје, плански период (2021-2026), со **24 гласа "ЗА"**.

**ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за утврдување на Нацрт - Детален урбанистички план за градска четврт СИ 08 Блок 01, Општина Гази Баба - Скопје, плански период (2024-2029).**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за утврдување на Нацрт - Детален урбанистички план за градска четврт СИ 08 Блок 01, Општина Гази Баба - Скопје, плански период (2024-2029), со **20 гласа "ЗА", 3 гласа "ПРОТИВ" и 2 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - Дијана Илиевска ја заклучи Четириесет и втората седница на Советот на Општина Гази Баба, во **10:20** часот.

**Број 09-2650/2**
**од 28 мај 2024 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**

* аудио записот од седницата е составен дел на записникот